Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-414/16

датум 02-12-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 21.10.2025 година во 12:50 часот,** согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Виница** за контролниот период од 2022 до 2025 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Сузана Спасова и судскиот службеник Светлана Михаилова.

Судот е сместен во мала зграда која е адаптирана поранешна болница, до зградата на Општината, која се наоѓа во непосредна близина на судот. Разликата во зградите е забележлива и укажува на различни вложувања во институциите.

Претседателката на судот, по поднесен проект, успеала да ги реновира просториите на приемното одделение, кои се уредни и чисти, иако во судот нема хигиеничарка, а сите вработени заедно со претседателката на судот ја одржуваат хигиената во судот од месец март 2025 година.

Судот се соочува со ризик за целосна нефункционалност, во судот нема вработен ниту еден записничар, последниот заминал во пензија во месец јуни 2025 година. Лицето кое било вработено на определено време заминало заради неодобрување на нови вработувања од страна на Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии. Судењето без записничари е крајно отежнато и не може секојдневно да се одвива непречено, само итните предмети се судат веднаш, а со 8 вкупно


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

вработени, судот објективно не може ефикасно да го врши администрирањето на предметите во работа.

**Препорака:** Судскиот буџетски совет итно да одобри вработување на хигиеничар и записничари за да се овозможи функционалност на судот, во спротивно се суспендира правото на судење во разумен рок за граѓаните во овој суд, за што одговорност ќе сноси државата затоа што не обезбедила доволно средства за функционирање на судот и со тоа се попречува пристапот до правда за граѓаните. Постојната состојбата е недозволива согласно било кој критериум и било кој правен стандард за организација на судството.

Комисијата предлага во сите постојни судови задолжително пополнување со најмалку 75% од постојната систематизација, започнувајќи од најкритичните судови. Доколку се пристапи кон оптимизација на судската мрежа, постојните мали судови да се реновираат и организираат како функционални и модерни судски одделенија, со доволен број простории опремени со најнова ИТ технологија која овозможува судење во судското одделение, но и на дистанца, со најмалку 20-25 вработени. Овие судски одделенија треба да бидат дел од Суд со проширена надлежност, во кој постапуваат најмалку 20 судии, со најмалку 80 вработени судски службеници.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Су-04-383/21 од 28.12.2021 год. СУ-04-10/23 од 25.01.2023 г. СУ-04-23/24 од 25.01.2024г и СУ-04-6/25 од 10.01.2025 година

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот од предвидени 3 судиски места пополнети се две: 1 судија кој постапува по граѓански предмети и 1 судија кој постапува по кривични предмети, кој истовремено е претседател на суд. Судиите постапуваат по уписници кои не се преклопуваат, согласно што им се доделуваат предметите во работа. За кривичен совет се делегираат судии од друг суд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су-04-298/24 од 30.12.2024 година со измена и донесен нов годишен распоред,
Су 04 –8/25 20.01.2025 година, Су 04 –79/25 од 01.04.2025 година
Су-04-295/23 од 29.12.2023 година со измена судска служба Су-04-39/24 од 05.02.2024 година
Су-04 - 421/22 од 30.12.2022 година, Су-04-7/23 од 24.01.2023 година со измена Су-04 - 52/23 од 07.03.2023 година со одлука за измени Су-04 - 108/23 од 30.05.2023 година и Су-04 - 198/23 од 28.09.2023 година
Су-04 - 378/21 од 27.12.2021 година, со измени Су-04 - 49/22 од 10.02.2022 година изменет со одлука Су-04 -317/22 од 18.10.2022 година, Су-04 - 179/22 од 08.06.2022 година и Су-04 -356/22 од 16.11.2022 година
Во годишниот распоред за работа за 2025 година забележано е дека во судот предметите ќе се распределуваат со автоматска распределба, иако формално, во судот се врши рачна распределба и прераспределба на предмети согласно членот 180 од Судскиот деловник.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Има распоред за работа за време на одмори.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица, во судот е вработен еден информатичар на работно место раководител на одделение за информатика, со работно искуство во судот од 2009 година.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Стручен судски службеник Коле Илијев е определен за судски советник за судска практика.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Судија Даниела Костадинова Тиловска е лице за односи со јавноста, а судскиот советник Коле Илијев е определено лице за информации од јавен карактер.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во судот од предвидени 34 работни места за судски службеници пополнети се само 8 места (има 3 уписничари, 2 стручни службеници, 1 информатичар, 1 сметководител/благајник, 1 доставувач) и 5 судска полиција.
Пополнети се само 23% од предвидената систематизација, што преставува основна причина за неможност за редовно и навремено постапување на судот, особено затоа што без записничари судењата не можат да се одржуваат.
Препораката од претходната надзорна комисија за избор на раководно лице на судска служба не е надмината. Судскиот буџетски совет итно да одобри вработувања до 75% пополнетост на судот со судска служба.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.**

СУ-04-230/25 од 09.10.2025 година, СУ-04-289/24 од 20.12.2024 година, СУ-04-107/24 од 19.06.2024 година, СУ-04-166/23 од 25.09.2023 година, СУ-04-57/22 од 23.02.2022

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

СУ-04-6/25 од 17.01.2025 година, СУ-01-9/25 од 11.03.2025 година, СУ-01-11/25 од 07.04.2025 година, СУ-01-14/25 од 09.05.2025 година, СУ-01-16/25 од 04.06.2025 година, СУ-01-23/25 од 09.09.2025 година, СУ-01-18/25 од 04.07.2025 година, СУ-01-2/24 од 04.01.2024 година, СУ-04-23/24 од 22.01.2024 година, СУ-01-14/24 од 13.05.2024 година, СУ-04-237/23 од 14.11.2023 година, СУ-04-421/22 од 30.12.2022 година, СУ-01-2/22 од 05.01.2022 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Двајца судии се во судот, а во точка 10 се наброени записниците.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници.**
/

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

СУ-01-11/23 од 09.02.2023 година и СУ-04-43/24 од 05.02.2024 година

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Судот преку апликацијата „Извештаи за ССРСМ", секој месец креира и заклучува електронски извештаи со автоматско преземање на податоците од АКМИС системот, по што ССРСМ ги презема податоците за извештаите електронски.
Заведени извештаи под СУ-01-3/23 од 25.01.2023 година, СУ-01-6/24 од 22.01.2024 година и СУ-01-3/25 од 31.01.2025 година.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Виница за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Су.бр.52/2025-1 од 16.01.2025 година, Су.бр.116/2023-2 од 26.01.2023 година.

16. **Надзор над работата на нотарите.**

Службена белешка од извршена посета СУ-06-6/24 од 06.12.2024 година

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуки има од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, но вработените не ги посетуваат тие обуки заради малиот број на вработени. Информатичарот во судот секојдневно спроведува техничка поддршка, обука и решавање на проблеми заедно со вработените.

18. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Опремата ги задоволува сегашните потреби на вработените, со исклучок на печатари. Во судот има сервер набавен во 2022 година. Голем дел од персоналните


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

компјутери се со оперативен систем windows 7 за кој е укината поддршката, и кои претставуваат ранливост за безбедноста на компјутерската мрежа. Поголем дел од новата опрема стои во кутии и не е ставена во употреба поради некомпатибилност со постоечката застарена опрема (скенери и печатари), а замена за таа стара опрема нема.
Забелешка од страна на информатичарот во поглед на АКМИС системот е дека брзината на работењето на АКМИС системот после замената на старите сервери, не е подобрена. Сите активности кои претходно се спроведувале во АКМИС системот сега се вршат побавно од претходно.

**Препорака:** Да се стави новата опрема во употреба и да се заменат сите работни станици кои имаат оперативен систем за кој нема поддршка.

**19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Су-04-8/25 од 20.01.2025 со две измени
Су-04-39/24 од 05.02.2024 година
Су-04-7/23 од 25.01.2023 година
Су-04-378/21 од 31.12.2021 година
Сите овие акти се уредно внесени во АКМИС системот.

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има списоци со кориснички групи, без детално определени кориснички привилегии за достапност до АКМИС.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Нема дежурства во текот на годината - дежурства има само во текот на годишните одмори, затоа што е суд со основна надлежност.
Дадени на увид во хартиена форма и направен увид во месечниот календарот на дежурства. Дежурствата не се внесени во АКМИС.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи. Има проблеми со слободен простор на апликациски сервер, и затоа со сигурност се скенираат сите документи кои доаѓаат од други судови, скици, сведоштва, изјави итн, додека кај поднесоците не се скенираат сите документи. Во функција се два скенери, од кои едниот е со намален капацитет на скенирање.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот во судот Ѓорѓи Атанасов, со одлука СУ-04-167/23-1 од 31.08.2023 година.
Автоматска распределба во судот не се прави, затоа што предметите штом се заведат веднаш се движат рачно до судија. Не постојат исти уписници по кој постапуваат двајца или повеќе судии.
Распределбата и прераспределбата на предметите на судиите го вршат уписничарите во судот.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Нема одлуки за исклучување на судии.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

За време на надзорот направен е увид по случаен избор на следните изземања:
СУ-ИЗЗ-18/22 од 01.11.2022
СУ-ИЗЗ-6/23 од 04.09.2023
СУ-ИЗЗ-9/23 од 20.09.2023
СУ-ИЗЗ-15/24 од 05.11.2024
СУ-ИЗЗ-8/25 од 27.08.2025
Сите се уредно заведени во АКМИС.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Во Основниот суд Виница има двајца судии, секој од нив постапува во различни уписници, односно еден судија постапува по сите предмети од уписник, заради што во судот беше објаснето дека се постапува согласно чл.180 од Судскиот деловник каде е предвидено „Предметите што се евидентирани во уписник за кој е задолжен само еден судија со самото евидентирање му се распределуваат на судијата." Одлука за спроведување на рачна распределба не постои.

28. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**
    - К-2/22 - Поднесен и примен на ден 05.01.2022 година, заведен на ден 10.01.2022 година, рачно распределен на ден 10.01.2022, примен од страна на судија на ден 11.01.2022 година и рачно прераспределен на 31.10.2022 заради изземање
    - ПРК-С-309/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 15.09.2023 година, рачно распределен на ден 18.09.2023 година, примен од страна на судија на ден 18.09.2023 година и рачно прераспределен на 26.09.2023 заради изземање
    - П2-33/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 01.11.2024 година, рачно распределен на ден 01.11.2024 година, примен од страна на судија на ден 01.11.2024 година и рачно прераспределен на 05.11.2024 заради изземање.
    - П4-10/25 - Поднесен, примен и заведен на ден 26.08.2025 година, рачно распределен на ден 26.08.2025 година, примен од страна на судија на ден 27.08.2025 година и рачно прераспределен на 02.09.2025 заради изземање.
    - РО-13/24 - Поднесен и примен на ден 23.01.2024 година, заведен на ден 24.01.2024 година, рачно распределен на ден 24.01.2025, примен од страна на судија на ден 25.01.2025 година
    - МАЛВП-1/25 - Поднесен, примен и заведен на ден 03.01.2025 година, рачно распределен на ден 03.01.2025 година, примен од страна на судија на ден 08.01.2025 година.
    - П1-3/23 - Поднесен и примен на ден 30.08.2023 година, заведен на ден 31.08.2023 година, рачно распределен на ден 31.08.2023, примен од страна на судија на ден 01.09.2023 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Автоматска распределба во судот не се врши преку АКМИС, туку се прави рачна распределба преку АКМИС заради постапување на еден судија. Новопримените предмети се заведуваат и се пуштаат веднаш на движење до судијата кој постапува по тој уписник.

**Објаснување од судот за Автоматска распределба:**

-автоматска распределба на предмети во судот се вршела кога по предмети од еден уписник постапувале повеќе од еден судија (двајца или повеќе судии)

Рачна распределба:

- нема доволен број на судии: не повеќе од двајца, а најчесто еден судија во целиот суд,
- годишните планови за работа не предвидуваат двајца (или повеќе) судии да работат ист уписник,
- се избегнува грешката при прераспределба на предмети од вид „... нема други судии во оддел..."
- предметот се доделува на судијата веднаш после регистрирање во АКМИС без чекање до 14:00 часот.

30. **Уписници што се водат во хартиена форма** - Нема.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во една судница во судот има инсталирано опрема за тонско снимање, но звучниот запис е со лош квалитет, микрофоните не ги задоволуваат минималните потреби, а подесувањата на миксетата е несоодветно за микрофоните во судницата. Редовно се користи тонско снимање кога судењето се спроведува во судница, и во граѓанска и во кривична постапка.

Вкупен број на тонски снимања од како е инсталирана новата опрема Фемида од мај 2024 година е 52 тонски снимања во 2024 година и 34 тонски снимања во 2025 година.

**32. Електронска достава.**

Редовно, секогаш кога има регистрирани активни електронски сандачиња, се врши достава на адвокати и правни субјекти. Сеуште не функционира електронската достава кон ОЈО.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су-04-9/23 од 25.01.2023 година.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022, 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

СУ-04-5/25 од 21.01.2025 година, СУ-04-18/24-2 од 09.01.2024 година, СУ-04-9/23-3 од 26.01.2023 година.

**35. Внатрешни процедури**

СУ-04-5/25-1 од 21.01.2025 година, СУ-04-18/24-3 од 09.01.2024 година, СУ-04-9/23-4 од 26.01.2023 година.

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

СУ-01-26/25 од 10.10.2025 година, СУ-01-24/25 од 09.09.2025 година, СУ-01-12/25 од 07.04.2025 година, СУ-01-25/24 од 05.09.2024 година, СУ-01-37/23 од 08.11.2023 година, СУ-01-20/23 од 10.04.2023 година, СУ-01-48/22 од 04.11.2022 година, СУ-01-23/22 од 09.05.2022 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Со објавување на новости и соопштенија на веб страната на судот.

**38. Огласна табла на судот**

Во судот има две огласни табли, една за нотари и една за судот.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Нема просторни услови во судот за да може да се определи посебна просторија за оваа намена.

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

**41. Архива**

Архивата е во добра состојба, целосно е реновирана и се наоѓа на приземјето на судот. Предметите се уредно наредени по години, лесен пристап до истите, предметите се складирани во метални ормари.

Увидот заврши на ден 21.10.2025 во 15:00 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk